Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: 09-03-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 518/5 | | |

До Деканатот на Филолошки факултет
„Блаже Конески“ Скопје

На својата 84-та редовна седница, Наставно- научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје нè избра за членови на комисија за избор на демонстратор за студиската програма по македонска книжевност и култура по предметите: Реализмот и модерната во српската книжевност (0+2) и Теорија на книжевност 2 (0+2), во летниот семестар од академската 2022/2023 година. Преку допис бр. 08-318/4, на 23.2.2023 година бевме информирани дека по објавениот интерен оглас се пријавила една кандидатка, Верица Мукоска. По разгледување на приложената документација на пријавената кандидатка Верица Мукоска, на Наставно - научниот совет му го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката Верица Мукоска ги исполнува посебните услови за избор во демонстратор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, бидејќи во 2021 год. дипломирала на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности со просечна оценка 9.73 (240 ЕКТС кредита) и се стекнала со стручен назив: Дипломиран професор по македонистика: книжевност и јазик.
Исто така, кандидатката е студент на втор циклус студии запишана во академската 2021/2022 година во областа македонска книжевност.

Во учебната 2021/2022 година кандидатката Верица Мукоска ги држеше вежбите по предметите: Просветителството и романтизмот во српската книжевност, Просветителството и романтизмот во бугарската книжевност. Покрај тоа, таа има учествувано на повеќе литературни средби, културно-научни настани поврзани со промовирање на македонистиката. Има остварено повеќе интервјуа и промоции со повеќе македонски и странски автори, за што има добиено благодарници. Активно учествувала и во подготвување проекти од областа на книжевноста и културата, а има и значаен придонес во организирањето на културните настани во рамки на матичната катедра. Била модератор на студентската сесија на Меѓународниот научен симпозиум „Конески и книжевната наука", како и на разни поетски рецитали. Остварила и средби со матурантите од средните училишта во земјава и учествувала во изработка на промотивни материјали за Катедрата.

Има соработувано и работено за неколку издавачки куќи од Македонија, а минатата година земала учество и како новинар на Меѓународниот фестивал на филмската камера „Браќа Манаки“. Се има здобиено со сертификат за *млад новинар* при ИКС – Скопје. Била ангажирана како практикант во МРТ – Скопје.

Кандидатката Верица Мукоска е автор на два романа и две стихозбирка, а паралелно пишува новинарски статии, есеи и текстови за музички песни.

Уредничка е на најстарото списание за литература, култура и уметност „Современост“.

Нејзини песни се објавувани во весници и книжевни списанија во Македонија и во странство.

Земајќи ги предвид наведените лични и професионални остварувања на кандидатката, нејзиното искуство од областа на книжевноста и културата, организацијата на разни едукативни и културни настани, како и нејзиниот висок академски успех на студиите на Филолололошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, да ја избере кандидатката Верица Мукоска за демонстратор по предметите Реализмот и модерната во српската книжевност (0+2) и Теорија на книжевност 2 (0+2) во летниот семестар од академската 2022/2023 година.

Рецензентска комисија:

Вонр. проф. д-р Трајче Стамески

______________________________

Проф. д-р Јасна Котеска

______________________________

Проф. д-р Кристина Николовска

______________________________